**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *Е К О Н О М И Ј А*

## ИЗБОРНА

**за III година**

***ЕКОНОМСКА, ПРАВНА И ТРГОВСКА СТРУКА***
***економски техничар, деловен секретар и техничар за трговија и маркетинг***

**Скопје, мај 2001 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

## 1.1. Назив на наставниот предмет: ЕКОНОМИЈА

## 1.2. Образовен профил и група струки на кои им припаѓа наставниот предмет

1.2.1. Образовен профил: Економски техничар, деловен секретар и техничар за трговија и маркетинг
1.2.2. Група струки: Економска, правна и трговска струка

## 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Изборна настава - заеднички предмет за струката

## 1.4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Трета година

## 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно (неделен контакт): 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно (квота на изучување): 72 часа

## 1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Изборен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целта на наставата по наставниот предмет *економија за матура,* е учениците да ги продлабочат и прошират стекнатите знаења за економски закони и категории, од областа на микроекономијата како дел од современата економска наука, со цел на самостојно разбирање и објаснување на сложената економска стварност, поттикнување на нивната аналитичка и критичка мисла, како и за продолжување на образованието на соодветните високообразовни установи.

Од општата цел на наставниот предмет, произлегуваат и следниве посредни цели:

- ученикот да се запознае со основните принципи на економската наука;
- да ја разликува микроекономијата од макроекономијата, како и позитивна од нормативната економија;
- да ги прошири знаењата за факторите што ја условуваат понудата и побарувачката за поединечни добра и услуги;
- да ги елаборира различните теории за вредноста и цените;
- да ги продлабочи знаењата за организацијата на производството и неговото значење за динамика и стабилност на економскиот раст;
- да го идентификува значењето на маргиналните големини во економијата, како категории на теоријата за производството, како и комбинацијата и супституцијата на факторите на производство;
- да го анализира значењето на трошоците во економијата, а посебно значењето на маргиналните трошоци;
- да ги објасни методолошките аспекти на облиците на пазарни структури, како и нивните начини на максимизирање на профитот;
- да ги продлабочи знаењата за цените, доходите, понудата и побарувачката на факторите на производство;
- да ги прошири знаењата за пазарот на капитал и пазарот на труд;
- да го разбере значењето на монополистичката моќ и потребата од минимизирање на државните ингеренции во економијата.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на програмските содржини од наставниот предмет *економија за матура,* односно за постигнување на поставените цели, потребни се основни знаења стекнати од наставните предмети *основи на бизнисот* за И и ИИ година и *сметководство* за ИИ година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структурирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ВОВЕД ВО ЕКОНОМСКАТА НАУКА** | **8** | Ученикот:<br>- да го објасни историскиот развој на економијата како наука;<br>- да ја утврди разликата помегу политичката економија и економијата како наука;<br>- да го согледа предметот на изучување на економијата;<br>- да ги објасни основните принципи на економијата со посебен осврт врз принципот на реткост и ограниченост на ресурсите;<br>- да ја разликува микроекономијата од макроекономијата;<br>- да ја разликува позитивната од нормативната економија како и зошто нормативната економија е домен за несогласување мегу економистите;<br>- да согледа како пазарот ги | Наставникот:<br>- дисусија за развојот на економијата како наука и поврзување со политичката; економија како наука;<br>- користење на графоскоп и ЛЦД проектор. | *1. Економија за ИИИ год. (задолжителна програма)*<br>Тематска целина:<br>- вовед во економската наука.<br><br>*2. Основи на бизнис за И и ИИ година.* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | елоцира ретките ресурси “Смитова невидлива рака” и моќта на пазарите за саморегулација. | | |
| **2. МИКРО-ЕКОНОМИЈА**<br><br>**2.1. ПОБАРУВАЧКАТА И ПОНУДАТА ЗА ПОЕДИНЕЧНИ ДОБРА** | **6** | - да го продлабочи знаењето за понудата и побарувачката преку дејството на Законот за понуда и побарувачка;<br>- да ги утврди факторите кои ја условуваат понудата и побарувачката за поединечни добра и услуги;<br>- да го објасни графичкиот приказ на побарувачката и понудата врз база на практичен пример;<br>- да согледа како се урамнотежуваат понудата и побарувачката и како се “чистат” одделните пазари преку конкретени примери. | - користење на графикони за прикажување на “чистењето “ на пазарот;<br>- решавање на пример и графичко прикажување на урамнотежувањето на понудата и побарувачката;<br>- компјутерска демонстрација на графиконите на понудата и побарувачката. | *1. Економија за ИИИ год. (задолжителна програма);*<br>Тематска целина:<br>- основни елементи на понудата и побарувачката. |
| **2.2. РАЗЛИЧНИ ТЕОРИИ ЗА ВРЕДНОСТА И ЦЕНИТЕ** | **6** | - да го сфати синтетичкиот приказ на објективните и субјективните односно маргиналистичките теории за цените и добрата;<br>- да ги објасни основите на теоријата на изборот на потрошувачот;<br>- да разбере како потрошувачите го максимизираат задоволството; | - води насочена дискусија за објективните и субјективните теории т.е. маргиналните теории за цените и добрата;<br>- дискусија со цел да се објасни теоријата за избор на потрошувачот; | *1. Економија за ИИИ год. (задолжителна програма)*<br>Тематска целина:<br>- теории за вредноста и цените |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да се запознае со поимот на потрошувачкиот вишок. | - графикони, табели и користење на ЛЦД проектор. | |
| **2.3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОИЗВОДСТВОТО** | **6** | - да ги прошири знаењата за малите, средните претпријатија со посебен осврт на конкурентните сектори и неговото значење за динамиката и стабилноста на економскиот раст;<br>- да ја истакне улогата на големите претпријатија – сектор на јадрото;<br>- да го нагласи значењето на транснационалните корпорации. | - користење на стручна литература;<br>- гледање на видео снимки од поголеми и помали претпријатија;<br>- користење на Интернет како можност за прибирање и размена на информации за транснационалните корпорации;<br>- развивање дискусија за доминантната улога на транснационалните корпорации (работа во група) – проекти. | *1. Економија за ИИИ год. (задолжителна програма)*<br>Тематска целина:<br>- организација на производството и сопственичка структура. |
| **2.4. ТЕОРИЈАТА НА ПРОИЗВОДСТВОТО И ПРОИЗВОДНАТА ФУНКЦИЈА** | **6** | - Да го прошири знаењето за производната функција – вкупен, просечен и маргинален производ;<br>- да го согледа значењето на маргиналните големини во економијата;<br>- да изработува конкретни примери за пресметка на маргиналниот производ; | - тимска работа со решавање на проблемите од дадени конкретни примери на учениците;<br>- размена на идеи и примери за комбинација на факторите за | *1. Економија за ИИИ год. (задолжителна програма)*<br>Тематска целина:<br>- основите на теоријата на производството. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да го разбере значењето на комбинацијата и супституцијата на факторите на производство на економијата.<br>- да елаборира каква; комбинација на фактори на производство ќе прифатат: Кина, Македонија и СР Германија. | производство Кина, Македонија и Германија;<br>- користење на Интернет и презентирање преку ЛЦД проектор (работа во група). | |
| **2.5. ТРОШОЦИ** | **6** | - да го согледа значењето на трошоците во економијата;<br>- да го прошири знаењето за основни видови трошоци;<br>- да го истакне посебното значење на маргиналните трошоци;<br>- да ја согледаат улогата и значењето на маргиналните трошоци;<br>- да ја разбере улогата на фиксните трошоци, масовното производство и Законот за економии од обем;<br>- да го нагласи значењето на профитот како разлика помеѓу вкупниот приход и вкупните трошоци. | - користење табели, формули и објаснување на трошоците;<br>- демонстрација и графичко прикажување на маргиналните трошоци;<br>- истражувачки проекти за анализата на трошоците преку на тимска работа на учениците;<br>- презентирање на резултатите со употреба на графоскоп или ЛЦД проектор. | *1. Економија за ИИИ год. (задолжителна програма);*<br>Тематска целина:<br>- анализа на трошоците. |
| **2.6. ПАЗАРНИ СТРУКТУРИ** | **10** | - да ги прошири знаењата за основните критериуми за разликување на пазарните | - дискусија со учениците за улогата на совршената | *1. Економија за ИИИ год. (задолжителна* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | структури;<br>- да го истакне посебното значење на совршената конкуренција (методолошки аспекти);<br>- да го објасни начинот на кој претпријатието што работи во совршената конкуренција го максимизира вкупниот профит;<br>- да го сфати значењето на општиот принцип - маргиналниот приход е еднаков на маргиналниот трошок;<br>- да го согледа значењето на монополот и неговиот вкупен и граничен приход;<br>- да го разбере начинот на кој монополот го максимизира профитот;<br>- да ги објасни нерационалностите на монополот;<br>- да ги разберат разликите и сличностите мегу олигополот и монополистичката конкуренција односно многу диференцирани производители. | конкуренција и разликите помеѓу монопол и олигопол т.е. многу диференцирани производители;<br>- користење на стручна литература и Интернет;<br>- организирана посета на монопол. | *програма)*<br>Тематска целина:<br>- пазарни структури. |
| **2.7. ФАКТОРИ НА ПРО-ИЗВОДСТВО** | **6** | - да ги продлабочи знаењата за четирите фактори на производство (капитал, труд, | - дискусија за факторите на производство врз | *1. Економија за ИИИ год. (задолжителна* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | земја, претприемништво;<br>- да ги сфати цените на факторите на производство како трошок за претпријатијата;<br>- да ја истакне улогата на доходите на факторите на производство како приход на семејствата;<br>- да ги согледа специфичностите на понудата и побарувачката за факторите на производство и формирањето на нивните цени. | основа на проекти и за нивната понуда и побарувачка;<br>- пример од страна на учениците со цел да се согледаат специфичностите на формирањето на цените за факторите на производство;<br>- графичко прикажување;<br>- користење на ЛЦД проектор. | *програма)*<br>Тематска целина:<br>- фактори на производство и нивно пазарно вреднување. |
| **2.8. ПАЗАР НА КАПИТАЛ** | **6** | - да го продлабочи знаењето за пазарот на капиталот;<br>- да ги идентификува сличностите и разликите мегу акциите и обврзниците;<br>- да го согледа функционирањето на берзите односно секундарните пазари на капитал преку практични илустрации. | - насочено води дискусија за улогата на пазарот на капиталот;<br>- организирање на тимска работа (практичен пример – идентификација и пополнување на хартиите од вредност);<br>- презентирање на резултатите од на тимската работа;<br>- користење на графоскоп или ЛЦД проектор. | *1. Економија за ИИИ год. (задолжителна програма)*<br>Тематска целина:<br>- наемнини и пазар на капитал. |
| **2.9. ПАЗАР НА ТРУД** | **6** | - да ги продлабочи знаењата за | - развивање дискусија | *1. Економија за* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | сuштината на наемнината;<br>- да ги разликува видовите на наемнини (номинални и реални);<br>- да ја елаборира побарувачката на трудот - до кога фирмата што работи во совршената конкуренција ќе вработува нови работници;<br>- да ја разбере улогата на населението како основа за понудата на трудот;<br>- да ги сфати разликите во плати со посебен осврт на различните форми на дискриминација на пазарот на трудот;<br>- да го согледа значењето и улогата на синдикатите. | за наемнината (номинална и реална);<br>- групна работа на учениците преку презентирање на резултатите;<br>- гледање видео снимки за направени проекти од страна на учениците за разните форми на дискриминација на пазарот на трудот;<br>- користење на Интернет и ЛЦД проектор. | *ИИИ год. (задолжителна програма)*<br>Тематска целина:<br>- наемнини и пазар на труд. |
| **2.10. ДРЖАВНА РЕГУЛАЦИЈА** | **6** | - да ја разбере монополистичката моќ, макроекономската нестабилност и асиметричните информации (пазарниот неуспех);<br>- да ја согледа макроекономската нестабилност;<br>- да разбере како современите држави ги регулираат природните монополи;<br>- да ги прошири знаењата за | - насочена водена дискусија за пазарниот неуспех;<br>- организирање на истражувачки проекти на тема - како современите држави ги регулираат природните монополи;<br>- државна регулација и дерегулација;<br>- презентирање на | *1. Економија за ИИИ год. (задолжителна програма)*<br>Тематска целина:<br>- регулација и дерегулација на стопанските сектори. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | поимите на државна регулација и дерегулација;<br>- да го разбере минимизирањето на државните ингеренции во економијата. | проектите преку ЛЦД проектор или графоскоп;<br>- користење на Интернет. | |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

За реализација на наставата по наставниот предмет *економија за матура*, согласно поставените цели на наставниот предмет, како основни *наставни методи* ќе се користат: водење на насочена дискусија, демонстрација, играње на улоги решавање на проблеми и симулација на реални ситуации, учење преку сопствено откривање, слободни задачи, тимска настава и сл.

*Активности на ученикот*: да дискутира, да применува правила и законитости, да набљудува, да слуша, да прибележува, да повторува, да објаснува, да чита, да презентира, да открива во група и независно, да размислува критички, да дава свој суд, да работи домашни задачи.

*Активности на наставникот:* организира, планира, подготвува настава, дава инструкции за работа, поттикнува на дискусии, објаснува, поставува прашања, оценува и поттикнува на самооценување од страна на учениците, симулира процеси и реални ситуации, презентира.

**4.3. Организација и реализација на наставата по предметот**

Процесот на учење во наставата, по наставниот предмет *економија за матура,* се изведува преку теоретска настава во училница каде што учениците ќе стекнуваат пред с# когнитивни и афективни компетенции, преку организирани посети на трговски друштва и институции, организирани информативни средби, разговори и дискусии со претставници – стручни лица од практиката, во училиштето или во институциите и трговските друштва, со цел да се интегрираат знаењата и ставовите со практичните умеења на учениците. Наставата по овој наставен предмет се реализира и преку индивидуални домашни задачи, кои може да се изведуваат дома и во училиштето.

Образовните активности по предметот *економија за матура,* се организирани во две полугодија, четири тримесечија и неделен распоред на часовите.

**4.4. Наставни средства и помагала**

За поуспешна реализација на целите на наставниот предмет *економија за матура,* потребно е да се користи: графоскоп, графофолии, ТВ, видеорикордер, видеоленти, компјутерска опрема, ЛЦД проектор, публикации, шеми и сл.

Литература потребна за реализација на наставата, како за наставниците така и за учениците е учебник за овој наставен предмет, наставни помошни материјали, стручни списанија, публикации и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигнувањата на учениците, се врши преку континуирано следење во текот на учебната година, усно и писмено - преку тестови на знаења за секоја тема одделно, писмените извештаи за реализирани активности на учениците, креативноста, постигнувањата и резултатите од тимската работа, индивидуалните домашни задачи, покажан интерес и активно учество на учениците на часовите.

Во текот на у£ебната година, у£ениците се оценуваат со најмалку две оценки за секое полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки. Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на Наставната програма, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да го мотивира и да влијае позитивно на ученикот со својот начин на изразување, углед, појава, подготвеност за дополнителна работа, образование, систем на вредности и идеали; да соработува со другите наставници, стручни работници, социјални партнери, стручни институции; да поседува способност за изведување на настава и комуникација со учениците; да поседува способност за примена на современа образовна технологија; да поседува способност за планирање, организирање, воведување новини во наставниот процес, како и способност за професионално и педагошко самообразување; да е комуникативен и креативен.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по економија, со здобиена педагошко - психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард на простор за наставниот предмет

За реализација на Наставната програма по *економија за матура*, ќе се користи училница опремена со наставни средства, помагала и опрема согласно нормативот.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка: мај**, 2001 година
**7.2. Датум на превземање:** мај 2008 година

### 7.2. Состав на работната група:

1. Снежана Димовска, советник, Биро за развој на образованието, Скопје
2 .Д-р Таки Фити, професор, Економски факултет, Скопје
3. Трајанка Кушевска, наставник, ДСЕПУ "Васил Антевски - Дрен", Скопје
4. Јагнија Ангеловска, наставник, ДСУЕБ "Арсени Јовков", Скопје
5. Предраг Јакимовски, советник, Стопанска Комора на Македонија, Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2001 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за *економија за матура,* ја одобри (донесе) министерот за образование и наука со решение број 11-2934/1 од 27.06.2001 година.